СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

31 Мај 2019
Скопје
Број 7, година XIV
contact@kiselavoda.gov.mk

Скопје, Мај, 2019 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Заклучок за усвојување Квартални извештаи К1,К2 и К3 за првиот квартал од 2019 година – К1-кваратлен извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2019 година до 31.03.2019 година; -К2-квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините

1.Се објавува Заклучокот за усвојување Квартални извештаи К1,К2 и К3 за првиот квартал од 2019 година – К1-кваратлен извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2019 година до 31.03.2019 година; -К2-квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините, донесен на Дваесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28.05.2019 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4427/1
31.05.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/02), член 104 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр.8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06), а во врска со член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.61/04, 96/04 и 67/07) расправајќи по Кварталните извештаи К1,К2 и К3 за првиот квартал од 2019 година – К1-кваратлен извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2019 година до 31.03.2019 година; -К2-квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и петтата пленарна седница одржана на 28 мај 2019 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување Квартални извештаи К1,К2 и К3 за првиот квартал од 2019 година – К1-кваратлен извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2019 година до 31.03.2019 година; -К2-квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините

1.Се усвојуваат Квартални извештаи К1,К2 и К3 за првиот квартал од 2019 година – К1-кваратлен извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2019 година до 31.03.2019 година; -К2-квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините.

2.Заклучокот да се достави до Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за финансиски прашања.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-4126/3
28 мај 2019 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Програма за измена на Програмата
(Р) заштита на животната средина
и природа на Општина Кисела Вода за 2019 година

1.Се објавува Програмата за измена на Програмата (Р) заштита на животната средина и природа на Општина Кисела Вода за 2019 година, донесена на Дваесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28.05.2019 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4427/2
31.05.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02), член 34 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05), а согласно член 15 став 1 точка 2 од Законот за Град Скопје („Службен весник на РМ“ бр. 55/04), и член 1 став 1 од Законот за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05), Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и петтата пленарна седница одржана на 28 мај 2019 година, донесе

Програма за измена на Програмата
(Р) заштита на животната средина
и природа на Општина Кисела Вода за 2019 година

Во Програмата (Р) Заштита на животната средина и природа на Општина Кисела Вода за 2019 година, Подпрограма (Р10) Заштита на животната средина и природа се прави измена:

Во Подпрограмата (Р10) 426990 наместо:
- Изработка на План и Програма за санација на дивите депонии и ремедијација наисчистениот простор, со цел да се спречи создавање на диви депонии. Да се предвидат средства за пилот проект за ремедијација и уредување на просторот после расчистување на дивата депонија кај теферич.(150.000,00 ден), се заменува со проектот:

- Изработка на Катастар за зелени површини на територија на општината и негово редовно ажурирање. Овие податоци треба да овозможат увид во промената на зелените површини на територија на Општина Кисела вода, кои би настанале со реализација на веќе донесените плански решенија, односно одобрување на идните плански решенија.(110.000,00 ден);

Во Подпрограмата (Р10) 426990 наместо:
- Мерки за контрола на уличните кучиња и мачки. Образложение: Ќе се врши собирање на кучињата скитници и нерегистрирани кучиња и привремено сместување во соодветни објекти – прифатилишта. Заловувањето ќе го вршат квалификувани лица, на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање. Ќе се обезбеди редовно хранење и поење и доколку е неопходно и лекување на животните, но и ќе се води евиденција која содржи пропишани податоци за прифатените животни. За контрола на популацијата кучињата привремено сместени ќе се држат доволно време да се исцрпат сите можности за посвојување, но кога посвојувањето ќе биде невозможно или кога кучињата преставуваат сериозна закана за здравјето на животниоте и луѓето, ќе се нареди хумана еутаназија извршена од доктор по ветеринарна медицина. Привремено сместените кучиња ќе бидат кастрирани, здравствено третирани, превентивно заштитени согласно прописите од областа на ветеринарното здравство и повторно вратени во реонот каде биле заловени. Во таков случај, кучињата скитници ќе бидат соодветно трајно и видливо обележани на начин кој нема да предизвика непотребна болка и страдање. (200.000,00 ден), се заменува со проектот:

- Подготовка на Катастар за животна средина кој ќе содржи податоци за деловните субјекти кои се наоѓаат на територија на Општина Кисела Вода кои ја загадуваат или можат да ја загадат животната средина. Овие податоци понатаму ќе се доставуваат до Министерството за животна средина и просторно планирање, а заради ажурирање на постојната база на податоци во Катастар за животна средина. (240.000,00 ден).

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-4126/4
28 мај 2019 година
С к о п ј е
Вода

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела
Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Правилник за условите, критериумите, видот и начинот
на субвенционирање и поддршка во проектот ,,енергетски ефикасни домови,,
на станбени згради за колективното домување
на Општина Кисела Вода

1.Се објавува Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и поддршка во проектот ,,енергетски ефикасни домови,, на станбени згради за колективното домување на Општина Кисела Вода, донесен на Дваесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28.05.2019 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4427/3
31.05.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (“Сл. Весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 67-а од Законот за градење (Сл. Весник на РМ 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14,115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 39/16, 71/16, 132/16 35/18 и 64/18) и член 101 од Законот за домување, (Службен Весник на Р.М бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен Гласник на Град Скопје бр.8/05, и ,,Службен Гласник на општина Кисела Вода,, бр.13/2006 и бр.15/14),), Советтот на Општина Кисела Вода на Дваесет и петтата пленарна седница одржана на 28 мај 2019 година, донесе

ПРАВИЛНИК
за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и поддршка во проектот “енергетски ефикасни домови” на станбени згради за колективното домување во Општина Кисела Вода

Општи одредби

Член 1

Со Правилникот се уредуваат: условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање врз основа на кои Општина Кисела Вода, согласно законските прописи и подзаконските акти, во рамките на средствата наменети во Буџетот на Општината ќе го подржи проектот за “енергетски ефикасни домови” на територијата на Општина Кисела Вода.

Член 2

Корисници на субвенции и поддршка се Заедниците на сопственици (ЗС) или Управители (УСЗ) на станбени згради за колективното домување (во понатамошниот текст: Корисници), кои аплицираат врз основа на јавен повик за поддршка на проектот „енергетски ефикасни домови“, преку пополнување на апликација. На тој начин се стекнуваат со право на можност за субвенционирање на инвестиции со мерки за енергетска ефикасност, односно поставување термоизолација на надворешните ѕидови и замена на старите прозори со енергетски ефикасни прозори.

Член 3

Целта на овој правилник е остварување на политиките за енергетска ефикасност на зградите преку мерки и активности за ефикасно користење на енергијата, а одредбите од овој правилник се применуваат за станбените згради за колективно домување на територијата на Општина Кисела Вода во насока на подобрување на енергетската ефикасност , заштеда на енергија, финансиски заштеди,подобрување на конфорот на живеење на корисниците и зголемување на животниот век на зградите.

Член 4

Правилникот е изработен врз основа на потпишаниот меморандум за соработка со Хабитат Македонија.

Процесот на субвенционирање ќе се заснова врз начелата на: јавност, објективност, недискриминација, транспарентност, ефикасност и економичност.

Услови и критериуми за субвенционирање и категоризација на згради

Член 5

Општи услови кои треба да бидат целосно исполнети од страна на потенцијалните Корисници на поддршката, односно да бидат потенцијални партнери во проектот се следниве:

- Да се регистрирани како Заедници на сопственици или имаат Управители согласно Законот за домување за што доставуваат решение од Централен регистар или договор со Управител кои се евидентирани во Регистарот на Заедници на сопственици кој го води Општина Кисела Вода,
- Да немаат долгови, како Заедници на сопственици или Управители и други финансиски обврски,
- Станбена зграда да е на територија на Општина Кисела Вода,
- Зградата да е колективна станбена зграда А2,
- Зградата да е изградена пред 2010 година,
- Минимум 80 % од сопствениците на станови да ги прифатат условите на субвенционирање, кредитирање и предметот на енергетска обнова.

Член 6

Посебните условите кои треба да бидат целосно исполнети од страна на потенцијалните корисници за субвенционирање, односно да бидат потенцијални партнери во проектот се следниве и тоа:

- Станбените згради за колективно домување да бидат постари од 2010 година,
- Да имаат минимум 80 % од сопствениците на станови потпишана изјава за учество во проектот ЕЕД со мерки за ЕЕ односно поставување на термоизолација на надворешните ѕидови и замена на старите прозори со енергетски ефикасни прозори во станбените згради за колективно домување за што доставуваат копии од изјавите (изјавите се заверуваат на нотар),
- Одлука од Заедница на станарите или преку овластен Управител за реновирање на зградата за колективно домување односно воведување на мерки за енергетска ефикасност,
- Имотен лист со кој се докажува сопственоста,
- Сопствениците на станови да се согласни да дозволат анкетирање, мерења за изработка на техничка документација и промотивни активности на нивната зграда/стан.

Член 7

Одредбите во овој правилник не се однесуваат на следните категории на згради и делови од згради:

- Згради кои имаат помалку од 2 ката со приземје,
- Згради и споменици заштитени како специјални архитектонски или историски вредности, кај кои исполнување на барањата би било не прифатливо поради промена на карактерот или изгледот на објектот,
- Згради кои служат за религиозни цели,
- Времени објекти со планирано време на употреба од 2 години или пократко,
- Станбени објекти чија планирана употреба е пократка од 4 месеци во текот на годината,
- Сопствениците на деловните објекти во колективните станбени згради не може да бидат корисници на субвенциите за воведување на мерки за енергетска ефикасност
- Дел од зградата кој се смета за внатрешен заеднички простор на станарите (влез, ходници и подрумски простории) кои не се во опфатот на субвенционирање.

Висина на субвенционирање

Член 8

Субвенционирањето ќе биде поддржано со финансиски средства од буџетот на општина Кисела Вода, Програма Г1 – Локален економски развој, потпрограма ГД0 - Проекти за Енергетска Ефикасност, во висина од 30% денари од вкупниот износ на вредноста на енергетски ефикасни мерки на станбената зграда за колективно домување за секоја одобрена апликација, поднесена од Заедница на станари или Управителот на станбената зграда врз основа на доставената најниска понуда за материјали и работни позиции за секоја од мерките за енергетска ефикасност.

Сопствениците на станови во станбените згради за колективно домување преку кредитирање или во готово ќе ги обезбедат преостанатите финансиски средства во висина од 70% од вкупниот износ од вредноста на инвестицијата со мерки за енергетска ефикасност.

Член 9

Ако одреден сопственик на посебен дел кој живее во колективна станбена зграда, а зградата е избрана за субвенционирање и подршка за реконструкција со мерки за енергетска ефикасност е социјален случај, тогаш делот од трошокот за тоа семејство или лице ќе се субвенционира во висина од 100% од вредноста на инвестицијата во енергетски ефикасни мерки, од страна на Општина Кисела Вода од Програма Г1 – Локален економски развој, потпрограма ГД0 - Проекти за Енергетска Ефикасност.

Семејството или лицето својот статус на социјален случај го докажува со документ од соодветна надлежна социјална институција дека е прима тел на редовна парична помош и нема други примања.

Начин на спроведување на субвенционирањето

Член 10

За реализирање на средствата врз основа на критериумите и условите со овој Правилник, Општината објавува јавен повик кој се објавува во електронска форма на веб страната на Општина Кисела Вода, во печатена форма на сите јавни објекти во општината, објавување до електронски медиуми со кои општината има соработка, како и со смс порака до секој претседател на Заедница на сопственици и Управители за кои има податоци во регистарот на станбени згради за колективно домување.

Рокот за поднесување на апликациите ќе трае 30 дена сметајќи од денот на објавување на јавниот повик, со можност за негово продолжување во зависност од искористеноста на предвидените средства за тековната година.

При спроведување на постапката, согласно динамиката, потенцијалните корисници ќе бидат континуирано известувани за степенот на искористување на предвидените средства, односно за износот на преостанати средства на веб страната на Општина Кисела Вода.

Начин на аплицирање и содржина на апликација

Член 11

За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства од овој Правилник, Градоначалникот на Општина Кисела Вода ќе формира Комисија од

5 до 7 члена, од кои еден е претседател и еден технички секретар кој административно ја води Комисијата, при што доставува годишен извештај за својата работа до Советот и Градоначалникот.

Комисијата има право и должност да ги провери податоците во Апликацијата, да изврши увид во соодветноста на документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни лица или овластени лица да направат увид на лице место, како и да бара друга дополнителна документација, при што за својата работа Комисијата составува записник. Во записникот се утврдува листа на потенцијални корисници за субвенционирање и поддршката за проектот “енергетски ефикасни домови” и изготвува приоритетна листа според следните критериуми:

- Грејна површина на зградата м2 45 бода
- Годишна заштеда на специфична топлинска енергија КВч /(м2 год) 35 бода
- Процент на носители на станарско право кои ги прифаќаат условите за субвенционирање и кредитирање 20 бода

Член 12

Јавниот повик за субвенционирање на мерки за енергетска ефикасност ќе ги содржи следните елементи:

- Опис на објектите за колективно домување за кои што сопствениците на станови можат да аплицираат,
- Процентот на учество на корисниците кои сопственото учество ќе го обезбедат како дел со сопствени средства или заем,
- Потребната документација која треба да се поднесе заедно со Апликацијата за користење на субвенции за воведување на мерки за енергетска ефикасност во згради за колективно домување,
- Услови кои сопствениците на станови што аплицираат треба да ги исполнат.

По јавниот повик сите апликанти кои што ќе ги исполнат условите ќе бидат прифатени со првенство на реализација според изготвена приоритетна листа.

Јавниот повик ќе трае до исцрпувањето на средствата предвидени од Буџетот на Општина Кисела Вода за оваа намена за тековната година.

Начин на објавување на резултати

Член 13

Комисијата листата ја објавува на веб страната на општината и на огласната табла на општината, а се доставува и известување до секој апликант посебно со соодветни податоци за постапката и насоки за понатамошна постапка на реализација на поддршката за проектот “енергетски ефикасни домови”.

Оваа листа има важност во период од три години од денот на објавувањето се до целосно искористување на средствата согласно финансиската рамка на Хабитат Македонија и Општина Кисела Вода во наредните три фискални години.

Избор на изведувач

Член 14

Комисијата дава техничка поддршка на Заедницата на сопственици или Управители при изработка и доставување барање за прибирање на понуди до најмалку три понудувачи врз основа на техничка спецификацијата од проектната документација, при што изборот на градежна фирма (изведувач) го врши Заедницата на сопственици или мнозинството од сопственици на станови со носење на одлука за избор на изведувач.

Член 15

За следење на квалитетот на изведување на мерките за енергетска ефикасност при реконструкција на станбени згради за колективно домување од страна на Градоначалникот на Општина Кисела Вода ќе се формира надзорно тело од три стручни лица и тоа два претставника од Општина Кисела Вода и еден од Хабитат Македонија.

Потпишување на договор за субвенционирање

Член 16

Општина Кисела Вода, по предлогот на Комисијата за имплементација на мерките за обезбедување субвенционирање и поддршка во подобрувањето на енергетската ефикасност во колективните станбени згради, а врз основа на Јавниот повик за субвенционирање на мерки за енергетска ефикасност, по комплетирањето на сите потребни документи, може да склучи:

- Договор за субвенционирање и подршка со Заедницата на станари или управителот на зградата, и
- Договор за исплата на субвенцијата со Хабитат Македонија, како институција која обезбедува целосно кредитирање.

Во договорите помеѓу Општина Кисела Вода и заедниците на станари или овластениот управителот на зградата и Хабитат Македонија ќе се утврдува износот на средства за субвенционирање и поддршка од Општина Кисела Вода врз основа на доставената техничка спецификација, којшто ќе изнесува 30%, од вкупната инвестиција на база на утврдената техничка спецификација за секој проект посебно, а врз основа на доставената најниска понуда за материјали и работни позиции за секоја од мерките за енергетска ефикасност.

Член 17

По целосно спроведената постапка Хабитат Македонија ќе обезбеди финансиска поддршка во форма на заеми на целиот износ на инвестицијата со каматна стапка од ориентациони 5 % за изведба на ЕЕ мерки, а по извршување на технички прием и доставување на завршната ситуација за позициите наменети за енергетска ефикасност, прегледани и потпишани од страна на надзорното тело, Општина Кисела Вода ќе изврши исплата на субвенцијата кон Хабитат Македонија, а Хабитат Македонија ќе изврши корекција во амортизационите планови на заемокорисниците, односно ќе ги намали во висина на исплатената субвенција сразмерно.

Техничка документација

Член 18

Техничката поддршка се состои во изработка на техничка документација за реновирање на станбената зграда, која ќе дефинира мерки за подобрување на енергетската ефикасност на зградата и тоа:

А) Мерки за енергетска ефикасност:

- Термоизолација на надворешни ѕидови со термоизолационен материјал со дебелина д = 10 см и коеф. на топлинска спроводливост λ < 0.04 (W/mK)

- Замена на надворешни прозори и балконски врати со енергетски ефикасни прозори и врати со Uw < 1,4 (W/м2К), односно стакло пакет со две стакла (надвор флот и внатре нискоемисионо стакло) со Ug < 1,1 (W/m2K) и рамка со Ufr < 1,4 (W/m2K)

Б) Очекувани заштеди по спроведените мерки за енергетска ефикасност

- Заштеди на енергија KWh/god
- Специфични заштеди на енергија KWh /(m2 god)
- Финансиски заштеди ДЕН/ год
- Период на поврат на вложените финансиски средства Години

В) Изработка за архитектонско-градежен проект за енергетска обнова на станбената зграда со предмер-пресметка кој ќе одговара на барањата за добивање на градежна дозвола

Врз основа на Меморандумот за соработка, трошоците за подготовка на техничката документација подеднакво ќе се споделат по 1/2, помеѓу Општина Кисела Вода и Хабитат Македонија, кои трошоци ќе изнесуваат не повеќе од 5% од инвестиционата вредност за реновирање на станбената зграда, кои средства општината ќе ги исплаќа од Програма Г1 – Локален економски развој, потпрограма ГД0 - Проекти за Енергетска Ефикасност.

Хабитат Македонија со свои стручни служби ќе ја изработува техничката документација за имплементација на мерките за обезбедување поддршка во подобрувањето на енергетската ефикасност во згради за колективно домување во Општина Кисела Вода.

Техничката документација за реновирање на станбената зграда ќе содржи технички опис, приказ на постоечката и новопланираната состојба на фасадата (надворешни ѕидови и надворешни прозори и балконски врати) со предмер - пресметка , опис и количини на дефинираните мерки за подобрување на енергетска ефикасност на станбената зграда, односно техничка спецификација и ќе биде основ за добивање на градежна дозвола.

Изработувачот на техничката документација за енергетска обнова на колективната станбена зграда должен е да обезбеди градежна дозвола од надлежниот орган на Општина Кисела Вода.

Член 19

Врз основа на техничката документација за реновирање на станбената зграда ќе се процени инвестиционата вредност на мерките за енергетска ефикасност, а конечната вредност која ќе се субвенционира од страна на Општина Кисела Вода ќе се утврди на основа на доставената најниска понуда од страна на понудувачите.

Завршни одредби

Член 20

Правилникот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Кисела Вода “.

Број 09-4126/5
28 мај 2019 година
С к о п ј е
Вода

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за измена и дополнување на Одлуката
за основање на Јавна општинска установа,,Дом на култура КВК.,, Скопје (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.5/2016)

1.Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за основање на Јавна општинска установа,,Дом на култура КВК.,, Скопје (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.5/2016), донесена на Дваесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28.05.2019 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4427/4
31.05.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 20 став 2 , член 21 и член 38 од Законот за култура (“Службен весник на РМ” број 31/1998, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/2010, 47/2011, 51/2011, 136/2012, 23/2013, 187/2013, 44/2014, 61/2015, 154/2015 и 39/2016), член 4 став 2, член 6, член 9, член 12, и член 14 став 3 од Законот за установите („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/2005; 120/2005 и 51/2011) а во врска со член 34 став 1 точка 18 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Град Скопје” број 8/05 и “Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр.13/06 и бр.15/14), Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и петата пленарна седница одржана на 28 мај 2019 година, донесе

Одлука за измена и дополнување на
Одлуката за основање на Јавна општинска установа
,,Дом на култура КВК.,, Скопје
(,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.5/2016)

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за основање на Јавна општинска установа ,,Дом на култура КВК.,, Скопје (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.5/2016).

Член 2

Членот 3 од Одлуката се менува и гласи:

Јавната општинска установа ќе се регистрира и ќе работи под фирмата:

Јавна општинска установа “Дом на култура Билјана Беличанец“ Скопје.

Скратеното име на Јавната општинска установа ќе гласи:

“Дом на култура Билјана Беличанец” Скопје.

Член 3

Во текстовите на членовите 5, 6, 7 и 8 од оваа Одлука, зборовите ,,Дом на култура КВК.,, Скопје, се заменуваат со зборовите “Дом на култура Билјана Беличанец“ Скопје.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-4126/6
28 мај 2019 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Нацрт на Статутарна Одлука
за измена и дополнување на Статутот на Општина Кисела Вода

1.Се објавува Нацрт на Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Кисела Вода, донесен на Дваесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28.05.2019 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4427/5
31.05.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ број 05/02), член 79 став 1 а во врска со член 77 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен Гласник на Град Скопје, бр.8/05 и Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр.13/06 и бр.15/14), Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и петтата пленарна седница одржана на 28 мај 2019 година, донесе

НАЦРТ НА СТАТУТАРНА ОДЛУКА
за измена и дополнување на Статутот на Општина Кисела Вода

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на Статутот на Општина Кисела Вода („Службен Гласник на Град Скопје, бр.8/05 и Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр.13/06 и бр.15/14).

Член 2

Членот 5 од Статутот на Општина Кисела Вода, се менува и гласи „Седиштето на Општината е во градот Скопје на ул.Петар Дељан бр.17.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-4126/7
28 мај 2019 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за измена и дополнување
на Статутот на Општина Кисела Вода

1.Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Општина Кисела Вода, донесена на Дваесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28.05.2019 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4427/6
31.05.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ број 05/02), член 79 став 1 а во врска со член 77 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен Гласник на Град Скопје, бр.8/05 и Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр.13/06 и бр.15/14), Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и петтата пленарна седница одржана на 28 мај 2019 година, донесе

ОДЛУКА
за измена и дополнување на Статутот на Општина Кисела Вода

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на Статутот на Општина Кисела Вода („Службен Гласник на Град Скопје, бр.8/05 и Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр.13/06 и бр.15/14).

Член 2

Членот 5 од Статутот на Општина Кисела Вода, се менува и гласи „Седиштето на Општината е во градот Скопје на ул.Петар Дељан бр.17.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-4126/8
28 мај 2019 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за измена и дополнување
на Статутот на Општина Кисела Вода

1.Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Општина Кисела Вода, донесена на Дваесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28.05.2019 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4427/7
31.05.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ број 05/02), Амандман XXXIII на Уставот на РМ, Уставен закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на РМ („Службен весник на РМ“ број 06/2019), член 79 став 1 а во врска со член 77 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен Гласник на Град Скопје, бр.8/05 и Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр.13/06 и бр.15/14), Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и петтата пленарна седница одржана на 28 мај 2019 година, донесе

ОДЛУКА
за измена и дополнување на Статутот на Општина Кисела Вода

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на Статутот на Општина Кисела Вода („Службен Гласник на Град Скопје, бр.8/05 и Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр.13/06 и бр.15/14).

Член 2

Во текстовите на членовите 3, 8, 22, 34, 54, 59, 63, 64, 123, 160 и 161 од Статутот на Општина Кисела Вода, зборовите „Република Македонија“ се менуваат со зборовите „Република Северна Македонија“ .

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-4126/9
28 мај 2019 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за одобрување средства како
еднократна парична помош на Драгомир Мишев

1.Се објавува Одлуката за одобрување средства како еднократна парична помош на Драгомир Мишев, донесена на Дваесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28.05.2019 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4427/8
31.05.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02), и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Град Скопје” бр.8/05, Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06 и бр.15/14) и член 1 и 2 од Правилникот за критериумите, постапката и износот за доделување на еднократна парична помош (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.10/09 и бр.15/14), расправајќи по барањето на Драгомир Мишев ул.,,Атанас Раздолов,, бр.16 А Скопје под бр.09-1705/1 од 21.02.2019 година, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и петтата пленарна седница одржана на 28 мај 2019 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување средства како еднократна парична помош
на Драгомир Мишев

Член 1

Се прифаќа Барањето бр.09-1705/1 од 21.02.2019 година на Драгомир Мишев ул.,,Атанас Раздолов,, бр.16 А Скопје и му се одобруваат парични средства во износ од 30.000 денари од Буџетот на Општина Кисела Вода како парична помош за санирање на последиците од опожарен деловен објект.

Член 2

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода ”.

Број 09-4126/10
28 мај 2019 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за одобрување средства како
еднократна парична помош на Марјан Милчев

1.Се објавува Одлуката за одобрување средства како еднократна парична помош на Марјан Милчев, донесена на Дваесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28.05.2019 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4427/9
31.05.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02), и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Град Скопје” бр.8/05, Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06 и бр.15/14) и член 1 и 2 од Правилникот за критериумите, постапката и износот за доделување на еднократна парична помош (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.10/09 и бр.15/14), расправајќи по барањето на Марјан Милчев ул.,,Пушкинова,, бр. 2/2-3 Скопје под бр.09-1531/1 од 18.02.2019 година, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и петтата пленарна седница одржана на 28 мај 2019 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување средства како еднократна парична помош
на Марјан Милчев

Член 1

Се прифаќа Барањето бр.09-1531/1 од 18.02.2019 година на Марјан Милчев ул.,,Пушкинова,, бр. 2/2-3 Скопје и му се одобруваат парични средства во износ од 30.000 денари од Буџетот на Општина Кисела Вода како парична помош за санирање на последиците од опожарен стан.

Член 2

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода ”.

Број 09-4126/11
28 мај 2019 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за одобрување средства како
еднократна парична помош на Предраг Цветковски

1.Се објавува Одлуката за одобрување средства како еднократна парична помош на Предраг Цветковски, донесена на Дваесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28.05.2019 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4427/10
31.05.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02), и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Град Скопје” бр.8/05, Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06 и бр.15/14) и член 1 и 2 од Правилникот за критериумите, постапката и износот за доделување на еднократна парична помош (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.10/09 и бр.15/14), расправајќи по барањето на Предраг Цветковски ул.,,Ужичка Република,, бр.44 Скопје под бр.09-475/1 од 17.01.2019 година, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и петтата пленарна седница одржана на 28 мај 2019 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување средства како еднократна парична помош
на Предраг Цветковски

Член 1

Се прифаќа Барањето бр.09-475/1 од 17.01.2019 година на Предраг Цветковски ул.,,Ужичка Република,, бр.44 Скопје и му се одобруваат парични средства во износ од 30.000 денари од Буџетот на Општина Кисела Вода како парична помош за санирање на последиците од опожарена барака.

Член 2

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода ”.

Број 09-4126/12
28 мај 2019 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

С О Д Р Ж И Н А:

1.Заклучок за усвојување Квартални извештаи К1, К2 и К3 за првиот квартал од 2019 година – К1-кваратлен извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2019 година до 31.03.2019 година; -К2-квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините;.....4

2.Програма за измена на Програмата (Р) заштита на животната средина и природа на Општина Кисела Вода за 2019 година;.....6

3.Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и поддршка во проектот ,,енергетски ефикасни домови,, на станбени згради за колективното домување на Општина Кисела Вода;.....9

4.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за основање на Јавна општинска установа ,,Дом на култура КВК.,, Скопје (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.5/2016); 17

5. Нацрт на Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Кисела Вода; 19

6.Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Кисела Вода; 21

7.Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Кисела Вода; 23

8.Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Драгомир Мишев; 25

9.Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Марјан Милчев; 27

10.Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Предраг Цветковски; 29